# ОПШТЕСТВОТО НИ СУДИ ПО ОНА ШТО Е РАЗЛИЧНО, ФРИЗУРА СО ПЛЕТЕНКИ, ПИРСИНЗИ И ТЕТОВАЖИ PHOTOVOICE - КАКО МЕТОД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО РИЗИК

*Ривка ХИЛЕЛ ЛАВИАН*

Програма за Сецијална Едукација, Левински колеџ за Едукација, Тел-Авив, Израел

Примено: 28.11.2017
Прифатено: 19.01.2018

## Апстракт

Целта на ова истражување беше да се придружува група на тинејџери во ризични ситуации преку работилница за фотографирање и на тие деца да им се обезбедат фотоапарати како алатка која ќе им овозможи да ја истражуваат нивната околина и да ја претстават како дел од проектот за лично и социјално зајакнување на овие лица, со цел да се испита потенцијалот на „Photovoice“ за документирање на личните и социјалните перспективи на тинејџерите кои се наоѓаат во ризични ситуации.

„Photovoice“ обезбеди фотоапарати на членовите на групата за тие да можат да ја истражат нивната околина и да ја претставаат целата промена што се случува во околината, како дел од личното и социјалното зајакнување. Оваа пракса е заснована на пристапот на Freire кој го нагласува процесот на зајакнување кој може да расте во рамките на внатрешноста на самите заедници, како и во однос на феминистичките теории, во кои се наведува дека знаењето се гради преку социјалните врски.

Адреса за кореспонденција:
*Ривка ХИЛЕЛ ЛАВИАН*
Програма за Сецијална Едукација, Левински колеџ за Едукација, Тел-Авив, Израел
Ул.15 Шошана Престиж, Тел-авив 69378, Израел
052-8915477
+972-52-8915477
Email:rivkah@levinsky.ac.il

# "SOCIETY JUDGES US ONLY BY WHAT IS DIFFERENT, DREADLOCKS, PIERCINGS AND TATTOOS" PHOTOVOICE - AS A METHOD FOR THE EMPOWERMENT OF YOUTH AT RISK

*Rivka HILLEL LAVIAN*

Program in Special Education, Levinsky College of Education

Recived: 28.11.2017
Accepted: 28.07.2016
Original scientific article

## Abstract

The aim of the research was to accompany a group of teenagers in risk situations through a photography workshop and provide them with cameras as a tool to allow them to investigate their environment and represent it as part of a personal and social empowerment project, in order to examine the potential of Photovoice to document the personal and social perspectives of teenagers in risk situations.

Photovoice refers to the practice of providing cameras to members of a group so they can investigate their environment and represent it for purposes of change as part of personal and social empowerment. This practice is based on Freire's approach, which emphasizes the process of empowerment that can only grow from within communities themselves, as well as on the feminist theory, which argues that knowledge is built through social relationships.

Corresponding address:
*Rivka HILLEL LAVIAN*
Special Education Program
Faculty of Education
15 Shoshana Persitz St., Tel-Aviv 69378, Israel
052-8915477
+972-52-8915477
Email:rivkah@levinsky.ac.il


DOI: 10.19057/jser.2018.33

Методологијата на ова истражување е радикалната феминистичка квалитативна метода, истражувачката алатка се фотографиите, снимките на разговорите на испитаниците од групата, дневниците на истражувачите и разговорите во затворена фејсбук-група. Популацијата на ова истражување е сочинета од 7 тинејџери кои учествуваа на неделни работилници за фотографија во период од 6 месеци. Беше направена холистичка анализа на содржината на истражувачките алатки со цел да им се даде глас на секој од учесниците, како и за спроведување вкрстена анализа за да се извлечат заедничките теми. Резултатите покажаа дека фотографирањето овозможи да се развијат отворени дискусии за предметите кои се прикажани на фотографската слика и нивното симболичко значење за учесниците: меѓу другите предмети: етикетирање, стигма, интимност, сексуален идентитет. Се појави можност за директен контакт и илустрација на искуствата на надворешниот изглед. И интеракцијата со нивната околина и социјалната вклученост со тинејџери кои се наоѓаат во близина на прибежиштето.

## Вовед и преглед на литературата

Во последните декади е зголемен бројот на употреба на концептот „тинејџери во ризични ситуации“, кој ги опишува групите на млади лица во ризични ситуации или оние кои можат да се најдат во таква ситуација (1). Извештајот на Schmid во кој се истражуваат условите на децата и тинејџерите кои се наоѓаат во ризична ситуација во Израел, појасни дека загрозените и проблематични деца и тинејџери се тие кои живеат во услови кои ги загрозуваат нив во рамките на нивните семејства и поблиската околина. Како резултат на овие услови, нивната способност да ги препознаат нивните права во следните области е загрозена: физичка егзистенција, здравје и развој, припаѓање кон одредено семејство, учење и стекнување вештини, добросостојба и ментално здравје, социјално припаѓање и партиципација, заштита од други и нивно ризично однесување.

The research methodology is feminist qualitative radical; the research tool are the group participants' photographs, records of conversations, researcher's diary and conversations on a closed Facebook group. The research population consists of seven teenagers who participated in a weekly photography workshop for six months that I volunteered to lead at a shelter for teenagers in risk situations. A holistic content analysis of research tools was carried out in order to give voice to each participant, as well as crosswise analysis to elicit common themes. The findings showed that photography enabled open discussion about subjects reflected in photographic images and their symbolic meanings for participants: amongst others subjects such as: labeling, stigma, intimacy, sexual identity. An opportunity arose for direct contact and illustration of the experience of appearance and indeed interaction with their environment and social involvement with teenagers around the shelter.

## Introduction and Literary Review

In the last decade, we have encountered growing use of the concept 'teenagers in risk situations', which describes groups of youths in or likely to be in a state of risk (1). The Schmid Report, which examined the circumstances of children and teenagers in risk situations in Israel, clarified that endangered and troubled children and teenagers are those who live in circumstances that endanger them in their families and environment. As a result of these circumstances, their abilities to realize their rights in the following areas are harmed: physical existence, health and development, family belonging, learning and acquiring skills, welfare and mental health, social belonging and participation, protection from others and their own risky behavior.

There are more than two million children


DOI: 10.19057/jser.2018.33

Постојат повеќе од 2 милиони деца кои живеат во Израел, од кои 111,244 се наоѓаат во ризични ситуации и во опасност. Ризичните услови во доменот од економски проблеми, болести или смрт на некој од нивните родители може да резултира со сиромаштија, проблеми во учењето, социјална разлика и тешкотии во функционирањето. Главната карактеристика на децата кои се наоѓаат во ризични ситуации во Израел е големото семејство или семејства со самохран родител.

Истражувањата кои се спроведени во Израел и во странство укажуваат дека како што растат децата, расте и бројот и процентот на деца кои се наоѓаат во ризична ситуација, како резултат на бројни фактори. Голем број ризични услови се почести како што растат децата, поради зголемените тешкотии со кои се соочуваат родителите околу грижата на нивните деца. Можно е да се појават тешкотии со текот на времето во многу области, како што се учењето, емоциите, однесувањето итн. Со текот на времето полесно се забележуваат овие проблеми: професионалците имаат тешкотии во идентификацијата на децата кои се наоѓаат во ризична ситуација на млада возраст бидејќи малите деца немаат доволно развиени говорни и когнитивни способности за да можат ефективно да комуницираат. Во прилог на тоа, со текот на времето, децата стапуваат во контакт со професионалците и можноста е поголема за идентификување на ризичните ситуации од страна на професионалците. Одредени однесувања или проблеми се карактеристични само за време на тинејџерските години и како такви се појавуваат на таа возраст.

„Photovoice" е развиен од Wang и Burris (2) како методологија со помош на која истражувачите им даваат фотоапарати на учесниците кои имаат недостиг или се исклучени од групите, за да можат да ги документираат предметите кои им се значајни употребувајќи ја фотографијата. Оваа техника им нуди на учесниците нови и рефлектирани начини на гледање на нивната околина, како и начин за истражување и претставување на нивната околина со цел да се направат промени, како дел од праксата за

living in Israel, of whom 111,244 are in risk situations and distressed. Risk circumstances range from economic problems, illness or death of one of their parents that are likely to result in poverty, learning problems, social difference and functioning difficulties. The main characteristic of children in risk situations in Israel is large families or single-parent families.

Studies carried out in Israel and abroad indicate that as children grow up, the number and percentage of children in risk situations increases, as a result of a number of factors: a large number of risk circumstances are more frequent as children grow up because of the growing difficulties that parents have taking care of their children. Difficulties are likely to emerge with age in many areas such as learning, emotional, behavioral etc. In addition, with age it is easier to notice these problems: professionals struggle to identify children in risk situations at a young age because young children lack the linguistic and cognitive abilities to communicate effectively. In addition, with age, children are in greater contact with professionals and the chances of them being identified by these professionals increase. Moreover, some behaviors or problems are characteristic only in teenage years, and as such appear at this age.

**Photovoice** was developed by Wang and Burris (2) as a methodology through which researchers supply cameras to participants from disadvantaged or excluded groups, so that they can document subjects that are important to them using photography. This technique offers participants new and reflective ways of viewing their environment as well as a way of investigating and representing their environment with the purpose of acting for change, as part of a practice of personal and social empowerment. Using Photovoice, people can identify, represent and improve


JOURNAL OF SPECIAL EDUCATION AND REHABILITATION 2018; 19(1–2):76–101
DOI: 10.19057/jser.2018.33

лично и социјално зајакнување. Со употребата на „Photovoice" луѓето може да ги идентификуваат, претставаат и подобрат нивните заедници (3).

Оваа методологија е заснована на **теоретски пристапи:**

Пристапот од Paolo Freire бразилски филозоф и едукатор кој нагласил дека процесот на зајакнување може да расте само од внатрешноста на самите заедници. Според Фреир, постои потреба за промовирање на социјалната промена за да им се овозможи на луѓето да ги идентификуваат проблематичните области на нивното живеење преку дијалог и дискусија. Со помош на дискусијата треба да се создаде промена на ниво на индивидуите и да се подобри квалитетот на социјалниот живот.

Freire споменал дека за развојот на „критична свест", потребно е длабоко разбирање на начинот на кој светот функционира: општеството, моќните врски. Сето ова за да можат луѓето да влијаат на нивните сопствени ситуации. Во книгата „Teachers as Cultural Workers. Letters to Those Who Dare Teach" (Наставниците како културна работилници. Писма до тие кои што бараат да учат) Фреир нагласил дека дијалошката педагогија не само што има политичка важност, исто така има и методолошка важност, бидејќи учесниците во дијалогот се вклучуваат не само за опишување на настани, туку и за негова интерпретација, тоа значи, и дека и учесниците и истражувачите се вклучени во материја која веќе ја знаат во процесот на фотографирање, ја интерпретираат фотографијата која ја сликаат, го интерпретираат светот и предлагаат средства за нивна корекција. Тој укажал дека образованието засновано на дијалог, коешто овозможува искуство и слушање, е експресија на етичката позиција која ги поставува учесниците во позиција на заемно слушање и затоа образованието засновано на дијалог може да ги стави на виделина вистинските проблеми, како и мислењата за промена на постоечките ситуации. Затоа, големиот број вакви дијалози можат да го променат општеството.

Феминистичката теорија е теорија за човековите права, која се однесува на тоа како

their communities (3).

This methodology is based on **three theoretical approaches**:

The approach of Paolo Freire, a Brazilian philosopher and educator, who emphasized that the process of empowerment could grow only from within communities themselves. According to Freire, there is a need to promote social change so as to allow people to identify problematic areas of their lives through dialogue and discussion. The discussion is meant to create change at the level of individuals and improve the quality of society's life.

Freire referred to the development of 'critical consciousness', a profound understanding of the way the world operates: society, politics, power relationships. All this so that people can influence their own situations. In his book "Teachers as Cultural Workers. Letters to Those Who Dare Teach", Freire emphasized that dialogic pedagogy has not only political importance, but also methodological importance because participants in dialogue are involved not only in describing an event, but its interpretation as well; that is to say, both participants and researchers are involved in learned material as they photograph, interpret photographs they shot, interpret the world and propose means of correcting it. He stated that dialogic education, in that it enables expression and listening, is an expression of an ethical position that places participants in a position of mutual listening and therefore dialogical education can surface real problems as well as thoughts about changing the existing situation. Hence many such dialogues could change society.

Feminist theory is a human right's theory, it deals with how society should operate so as to be just, it discusses problems in society and how they can be put right. The common ontological starting point of all feminist streams is that human society is replete with conflicts and social groups fighting over


DOI: 10.19057/jser.2018.33

општеството треба да дејствува за да биде праведно, ги дискутира проблемите во општеството и како тие можат да бидат поправени. Заедничката онтолошка почетна точка на сите феминистички текови е тоа дека човековото општество е полно со конфликти и социјални групи кои меѓусебно се борат за социјални и материјални ресурси (4). Феминизмот се состои од правна и општествена критика на општеството и ги истражува видовите на социо-економски празнини. Целта на феминизмот е да ја изложи на виделина неправдината и бара истата да биде променета, ја нагласува важноста на „давањето глас" на оние групи кои се наоѓаат во послаба позиција и тврди, помеѓу другото, дека знаењето се гради со социјалните врски преку дијалог и претставување на потребите на сите страни (5). Од феминистичките текови, ова истражување се поврзува со радикалниот феминизам или феминизмот со визија, како што тоа е терминолошки дадено од Bell Hooks (писателско име на Gloria Jean Watkins), сите видови опресивни системи кои постојат само во социјален контекст и оперираат во врска со бројни други опресивни системи и затоа само преку конфронтација со оваа реалност промената е возможна. Според размислувањето на Hooks, постојат три главни концепти: критичка свест, политики на идентитети и маргини. Една личност со критичка свест нема да го прифати опресивниот систем како што е даден, тој/таа ќе дејствува за да го промени. Главната цел на Hooks, како и на Freire, е креацијата на критичка свест помеѓу нивните ученици. Hooks се залагал за уништување на идентитетите, во нејзините очи само таков психолошки процес на истражување и пишување за откривањето на идентитетите може ќе придонесе во третманот и зајакнувањето на идентитетот помеѓу различните класи и половите. Третиот концепт, маргини, од гледна точка на Hooks, се радикалните социо-политички позиции, во областа на креативноста каде тоа што го сакаме да биде и како тоа е детерминирано, без чекање за признание од нашиот легитимен режим. Феминистичките истражувања довеле до создавањето на нова епистемиолошка агенда, преку и над

social and material resources (4). Feminism constitutes a legal and social criticism of society and examines types of socio-economic gaps. The aim of feminism is to expose injustice and demand it be changed, it emphasizes the importance of "giving voice" to groups in weak positions and argues, among others, that knowledge is built by social relationships through dialogue and presenting the needs of all sides (5). From feminism streams, this research connects to radical feminism or feminism with a vision, as it was termed by Bell Hooks (pen name of Gloria Jean Watkins), all types of oppressive systems that exist only in social contexts and operate in relation to a number of other oppressive systems, and therefore only through confrontations with this reality is change possible. There are three main concepts in Hooks' thinking: **critical awareness, politics of identities, margins**. A person with **critical awareness** will not accept oppressive systems as a given, s/he will act to make changes. Hooks' main aim, like Freire is creation of critical awareness amongst their pupils. Hooks argued for smashing identities, in her eyes only such a psychological process of research and writing about releasing identities will bring about treatment and strengthening of identity between class and gender. The third concept, margins, in Hooks' contemplation, are a radical socio-political position, an area of creativity where what we want to be and how is determined, without waiting for acknowledgement of our legitimate regime. Feminist research led to the creation of a new epistemological agenda, over and above research about and for women, expanding to research about disadvantaged groups such as racial and ethnic minorities and identifying regular people as legitimate sources of knowledge and a field of research, deserving of having their experiences and voices heard. According to this epistemology, a


DOI: 10.19057/jser.2018.33

истражувањата за жените, проширување на истражувањата за групите кои се подредени како што се расните и етничките малцинства и идентификување на нормалните луѓе како легитимни извори на знаење и поле за истражување, кои заслужуваат да бидат чуени нивните искуства. Според епистемологијата, условот на сфаќање на моќните структури и можноста да се избега од нив е сфаќање на реалноста преку очите на учесниците. Поставувањето на искуствата на учесниците во центарот на истражувањето нè подучува за сложениот поглед на нивниот свет или на истражувачкото прашање. Феминистичката епистемологија, како и размислувањето на Фреир, доведе до сфаќање дека сите истражувања се политички, бидејќи постојат и оперираат во рамките на можните врски (4).

Документарното фотографирање често служи за помош за социјална промена. Нејзината цел е да им се даде глас на лицата кои немаат моќ, да им се овозможи да ги споделат нивните приказни и погледи на светот. Фотографиите не се само за да се документира нешто што постои, тие се интерпретација на светот на лицето кое фотографира. Во еден критичен труд за документарната фотографија, Rosler (6) укажал дека суштината на документарното фотографирање е визуелно да се претстави социјалната свест во рамките на либералниот поглед на светот. Според неа, таквата фотографија најчесто е информативно издание кое се однесува на лицата кои немаат моќен статус и кои се адресирани за оние кои се добро поставени во едно општество. Во продолжение на овој поглед, Azoulay (7) сметал дека фотографијата е моќна алатка која не може да се оддели од доктрината за фотографијата, која е заснована на анализата на фотографијата како комбинација помеѓу две комплементарни средби: првата помеѓу фотоапаратот, оној кој слика и фотографијата и втората помеѓу фотографијата и оној кој ја набљудува. Комбинацијата на двете средби ја претвора фотографијата во мултидимензионален настан. Sontag (8) додал дека дури и ако фотоапаратот ја слика реалноста и иако не ја интерпретира, фотографијата сепак е интер-

condition of understanding power structures and ability to escape from them is understanding reality through the eyes of participants. Placing participants' experiences as the center of research teaches a complex view of their world, or research question. Feminist epistemology, as well as Freire's cogitation, lead to the understanding that all research is political because it exists and operates within power relationships (4).

Documentary photography often serves to help bring about social change. Its purpose is to give voice to people devoid of power, to allow them to share their stories and world views. Photographs are not just a document of something that exists, they are a photographer's interpretation of the world. In a critical article about documentary photography, Rosler (6) argued that the essence of documentary photography is to represent visually social awareness within a liberal worldview. According to her, such photography is mostly an informative issue concerning groups devoid of powerful status and addressed to those who are established in society. Continuing this view, Azoulay (2) argued that photography is a powerful tool that cannot be separated from the foundations from which it is comprised - photograph, photographer and observer. The doctrine of photography according to Azoulay (7) is based on the analysis of a photograph as a combination between two complementary encounters: the first between the camera, photographer and photograph and the second between the photograph and the observer. The combination of both encounters turns a photograph into a multidimensional event. Sontag (24) added that even if the camera captures reality and not only interprets it, photographs are still an interpretation of a world executed by a photographer. According to Sontag (8) photographs, which themselves cannot explain anything, are an infinite invitation to

претација на светот, изведена од страна на фотографот. Според Sontag (24), фотографиите, кои самите по себе не можат да објаснат ништо, тие се бесконечна покана за дедукција, шпекулација и фантазија. Нашата сегашност е видлива денес, визуелната слика влијае врз конструкцијата на знаењето (9). Спроведувањето на методологијата позната како Photovoice ја проширува природата на фотографијата од визуелна уметност до мултипартиципативен, социјален и политички процес. Невозможно е да се употребува фотографијата за да се разбере социјалната или друга ситуација без контекстуализација на деталите, коментарите на учесниците, зајакнување на познавањата, интерпретација и социјална промена. Кога истражувачите се обидуваат да ги насочат учесниците да се поврзат или да напишат приказна за нивната фотографија, учесниците имаат контрола врз начинот на кој истражувачите ќе ја интерпретираат фотографијата. На овој начин, ние се интересираме за начинот на кој нашите учесници гледаат на сликите и не само да се фотографираат себеси. Ние гледаме на сликите како влезна точка за разбирање на гледиштата на учесниците за нивната околина. Всушност, ние ги испитуваме врските помеѓу учесниците, сликите и начинот на кои тие се направени. Спротивно од традиционалната документарна фотографија во која фотографите се документираат помеѓу себе, „Photovoice" им овозможува на учесниците да ги документираат нивните погледи на светот и да зборуваат за нив. Кога фотографот ја набљудува сликата која тој/таа ја направил, тој/таа добива одраз на нејзиниот/неговиот внатрешен свет и информации за процесот кој се одвива додека се фотографира (10). Фотографирањето е нешто повеќе од техника и слика и има потреба од нов поглед на граѓанството (7).

„Photovoice" има три главни цели (11): да се документира и да се земат предвид јаките и слабите страни на заедниците и луѓето преку вклученоста на луѓето во активно сослушување и процесот на дијалог, да се промовира внатрешната опсервација и критичкиот дијалог во однос на она што е значајно за личноста и заедницата и да се допре до

deduction, speculation and fantasy". Our present today is visual, visual images influence knowledge construction (9). Employing photovoice methodology expands the nature of photography from a visual art to a multi participatory social and political process. Photovoice's power is not in pictures, but also in dialogical commentaries, which will be realized during the discussion stage. It is impossible to use photography to understand a social or other situation without contextualizing details, participants' comments, reinforcing knowledge, interpretation and social change. When researchers ask participants to relate or write stories about their photographs, participants are in control of the manner in which researchers interpret pictures. In this way, we are interested in the way in which our participants see the pictures and not just the pictures themselves. We refer to the pictures as entry points to understanding participants' points of view about their environment. In fact, we examine the relations between participants, pictures and the way in which these were produced. In contrast to traditional documentary photography in which photographers document the other, Photovoice allows participants to document their view of the world and tell about it. When a photographer observes a photograph s/he has taken, s/he gets a reflection of his/her internal world and the process undergone whilst taking photographs (10). Photography is much more than a technique and image and requires a new view of citizenship (7).

Photovoice has three key aims (11): to document and consider strengths and weakness of communities and people through people's involvement in active listening and dialogue processes; to promote internal observation and critical dialogue with regard to personal and community matters; and to reach policy makers.


DOI: 10.19057/jser.2018.33

креаторите на политиката.

Photovoice е истражувачка методологија која се соочува со луѓето во заедниците (12) и која е заснована на идејата дека овие луѓе се експерти за нивните животи, тие се партнери кои соработуваат во процесот на создавање на знаењето и се слободни да ги изразат предметите кои ним им се значајни (13).

Photovoice служи за различни истражувачки области. Wang (11) укажал на тоа дека специфичните карактеристики на тинејџерите и Photovoice – е вклученоста на младите лица во сите аспекти на истражувањето: вообичаените процеси за учење во кои младите лица, креаторите на политиките и истражувачите даваат придонес и учат од експертизата на едниот и другиот, а процесот придонесува во развојот на критичката свест.

Catalani и Minkler (14) идентификувале три области на влијанието на Photovoice врз тинејџерите: го зголемува нивниот потенцијал кога тинејџерите се чувствуваат дека крајниот резултат од проектот им припаѓа ним, го зголемува начинот на кој тие ги разбираат нивните заедници и нивните потреби, и ја зајакнува нивната вклученост во заедниците. Во прилог на тоа, вклучувањето на фотографските методи може да им помогне на младите лица да ги надминат предрасудите за нивните вештини како лица кои донесуваат одлуки и може да им помогне во нагласувањето на нивните способности да делуваат на нивните извори на моќ (15).

### *Метод*

#### Позицијата на истражувачот

Пред речиси 40 години, за време на служењето на воениот рок, јас првпат се сретнав со тинејџери кои се наоѓаа во ризична ситуација. Мојот воен рок во Нахал[1] вклучуваше шест месеци во населба во северен Израел каде што првпат бев водич на „улична банда", како што беа нарекувани тинејџерите во ризични ситуации во тоа време. Ова искуство беше значајно за мене што ми стана јасно дека тоа е тоа што јас

Photovoice is a research methodology that deals with people in communities (12), and is based on the idea that these people are the experts in their lives; they are partners collaborating in the process of creating knowledge, and free to express subjects important to them (13).

Photovoice serves diverse research areas. Wang (11) pointed out that a specific characteristic of teenagers and Photovoice - is the involvement of young people in all aspects of research: common learning processes in which young people, policy makers and researchers contribute to and learn from one another and each one's expertise; a process that contributes to the development of critical consciousness.

Catalani and Minkler (14) identified three areas of Photovoice's influence on teenagers: it increases empowerment, when teenagers feel that a project's outcomes belong to them, it increases the way in which they understand their communities and their needs, and it empowers their involvement in communities. In addition, employing photographic methods is likely to help young people overcome prejudices about their skills as decision makers, and are likely to help emphasize the abilities to act and their power sources (15).

### *Method*

#### Researcher's Position

Almost forty years ago, during my army service, I first came across teenagers in risk situations, my military service in Nahal included six months in a settlement in northern Israel where I first lead a 'street gang', as teenagers in risk situations were then called. This experience was so significant for me that it became clear that this is what I wanted to do with my life. And

[1] Нахал е акроним за Ноар Халузи Лохем (Пионерска боречка младина) која се однесува на паравоената програма Сила за одбрана на Израел која е комбинација на војска и воспоставувањето на агрокултурата


DOI: 10.19057/jser.2018.33

сакам да го правам во мојот живот. После моето отпуштање од воената армија, јас студирав специјална едукација и советување и работев како домашен наставник и училиштен советник за тинејџери кои се наоѓаат во ризична ситуација. Пред две години, јас добив понуда од Меѓународната асоцијација за Фестивалот на фотографијата, да волонтирам и да работам на фотографии со загрозени тинејџери кои се наоѓаат во прибежишта во централниот дел на Израел. Јас бев воодушевен со оваа понуда, за мене таа беше средство да се вратам 20 години назад на местото кое јас го сакам. Јас почнав да работам со група на момчиња и девојчиња и паралелно како истражувач. Јас се упатив кон професионалната литература и почнав да ја проучувам методологијата на Photovoice. Јас сфатив дека ова е тоа што јас го правев и сѐ повеќе го сфаќав значењето на оваа методологија.

**Цел на истражувањето** беше да се придружи група на тинејџери кои се наоѓаат во ризична ситуација преку работилницата за фотографирање и да им се дадат фотоапарати како алатка која ќе им даде можност да ја истражат и да ја претстават нивната околина како дел од проектот за нивното лично и социјално зајакнување, како и да се испита потенцијалот на Photovoice во документирањето на личната и на социјалната перспектива на тинејџерите кои се наоѓаат во ризична ситуација. Да се гледа нивниот свет преку нивните очи и да се слушнат нивните гласови со употребата на фотографијата и разговорот со нив.

**Прашања на истражувањето се:** Како употребата на Photovoice придонесува во документирањето на личната социјална перспектива на младите лица во ризик: (а) Како нивните светови и гласови се рефлектираат на фотографиите и на разговорите со нив? (б) Кои се темите и проблемите за кои фотографијата овозможи да се развие отворена дискусија? (в) Кој процес го овозможи фотографијата?

**Методологијата на ова истражување** е радикалната феминистичка квалитативна

therefore, after my discharge, I studied Special Education and then counseling and worked both as a homeroom teacher and school counselor for teens in risk situations. About two years ago, I received a proposal from the International Photography Festival Association, to volunteer to work in photography with endangered teens in a shelter in central Israel. I was delighted with the proposal, for me it was a means of going back twenty years to a place that I loved. I started working with a group of boys and girls, and in parallel as a researcher, I turned to professional literature and was exposed to the Photovoice methodology. I realized that this was what I was doing and it became clearer as I understood more the meaning of the methodology.

**The aim of the research** was to accompany a group of teenagers in risk situations through a photography workshop and give them cameras as a tool to enable them to examine and represent their environment as part of a personal and social empowerment project, as well as to examine the potential of Photovoice in documenting personal and social perspectives of teens in risk situations. To view through their eyes their world and to hear their voices using photographs and conversations about them.

**The research question is:** How does use of Photovoice contribute to documenting personal-social perspectives of youth at risk: (a) How are their world and voices reflected in the photographs and conversations that took place? (b) What are the topics and issues about which photography enabled open discussion? (c) What process did the photography enable?

The **research methodology** is feminist radical qualitative Photovoice methodology. The **research tools** are photographs taken by participants, documented conversations,


JOURNAL OF SPECIAL EDUCATION AND REHABILITATION 2018; 19(1–2):76–101
DOI: 10.19057/jser.2018.33

Photovoice метода. **Истражувачката алатка** се фотографиите сликани од учесниците, снимки на разговорите, дневниците на истражувачите и разговорите во затворена фејсбук- група.

**Популацијата на ова истражување** е сочинета од 7 тинејџери, на возраст од 14 до 18 години, кои учествуваа на неделни работилници за фотографија во период од 6 месеци, за која јас волонтирав да ја водам во прибежиште за тинејџери кои се во ризична ситуација во централниот дел на Израел.

**Процедура на истражувањето –** Истражувањето започна со моето запознавање на директорот на прибежиштето, со кој беше планирана сесија за вовед за лицата кои доаѓаат во прибежиштето на која јас ќе им објаснев за новата група и ќе им кажев, со слика, за фотографот Нан Голдин. Од 20-те млади лица кои дојдоа на првиот состанок, само 7 останаа (едно момче и шест девојчиња) кои сакаа да учествуваат и кои може да доаѓаат на состаноците во време и ден за кој ќе се договоревме. Во период од шест месеци, едно попладне во неделата, ние сите излегувавме заедно за да фотографираме, внатре и надвор од прибежиштето, и потоа ние дискутиравме за фотографиите додека ги гледавме на екран во прибежиштето. Фотографиите беа споделени на Фејсбук, понекогаш со дополнителна интерпретација. Затворената група на Фејсбук беше само извор за собирање податоци.

## Анализа на податоците

Истражувачките алатки, фотографиите, пишаниот и кажаниот материјал беа анализирани холистички со цел да се слушнат гласовите на сите учесници, како и за поширока анализа на содржината за да се откријат заедничките теми за сите учесници. Постојат три области во кои намерата е пренесена на фотографијата (19).

**Областа за фотографирање:** се однесува на начинот на кој се направени фотографиите. Како тие се направени, од кого, за кого и зошто. **Самата фотографија:** која

researcher's diary and conversations on a closed Facebook group. The **research population** consisted of seven teenagers, aged 14-18, who participated in a weekly photography workshop over six months, led by me in a voluntary capacity at a shelter for teenagers in risk situations in central Israel.

**Research Procedure** - The research started from my acquaintance with the shelter's director, with whom an introductory session for shelter comers was planned at which I explained about the new group and told them, with picture, about the photographer Nan Goldin. Of the 20 youths who came to the first meeting, seven remained (one boy and six girls) who wanted to participate and could come to meetings at an hour and day agreed. Over a period of six months, one afternoon per week, we all went out together to photograph, inside and outside the shelter and afterwards we would discuss the photographs while looking at them on a screen at the shelter. The photographs were shared on Facebook, sometimes with additional written interpretations. The closed Facebook groups was also a source from which data was gathered.

## Data Analysis

The research tools, photographs, spoken and written material, were holistically content analyzed in order to make the voices of each participant heard, as well as a broad content analysis to reveal common themes for all participants. Amongst others, visual images were interpreted by participants. There are three areas in which meaning is created in photographs (19). **Photography area**: refers to the way in which photographs were taken. How they were taken, by whom, for whom, and why. **Photograph itself area**: includes composition and visual effects and technologies used to create it, editing, transfer and presentation of the photograph.


DOI: 10.19057/jser.2018.33

вклучува композиција и визуелни ефекти и технологии кои се користат за создавање, едитирање, трансфер и презентација на фотографијата.

**Областа на публиката:** вклучува начин на кој се интерпретира фотографијата, од кого, како и референците за други текстови, различни позиции на опсервација, начинот на кој се процесира фотографијата, се дистрибуира и се прикажува.

Секоја област (продукцијата, фотографијата, опсервацијата) има систем на методи (технолошки, композициони и социјални) кои помагаат при сфаќањето на фотографијата. Социјалниот метод вклучува мноштво од економски, социјални и контекстуални врски. Композициониот метод ја вклучува содржината на фотографијата. Технолошкиот метод ги вклучува видовите на технологија кои се користат за фотографирање (19).

Методологијата Photovoice послужи за две цели: да им се овозможи на учесниците да имаат контрола на фотографиите и знаењето кои тие го обезбедуваат и да им се овозможи процес за собирање податоци во подолг временски период. Во период од шест месеци беа собрани фотографиите и документираните разговори. Фотографиите и придружните наративи беа анализирани со употреба на интерпретативната анализа на содржината. Мојата улога беше да обезбедам разговор, приказни и одраз за фотографиите кои беа фотографирани од учесниците и потоа да ги кодирам предметите кои произлегуваа од дискусијата.

## Етика

Етичкиот пристап на истражувањето беше загрижувачки за учесниците или поточно во духот на критичкиот пристап, **етиката на загриженост и правда.** Литературата вклучува три многу значајни етички принципи при истражувањето кога се вклучени деца и тинејџери: да се максимизира сегашната или идната корист за учесниците, да се минимизира нивниот ризик кој произлегува од нивната изложеност при истражувањето и да се гарантира правда (16). Не се откриени ниту имињата на лица или на места. За целта на овој труд, сликите беа

**Audience area**: includes the way in which photograph is interpreted, by whom, as well as reference to other texts, diverse observation positions, the way in which a photograph is processed, distributed and shown.

Each area (production, photograph, observation) has a system of methods (technological, compositional and social) that helps in understanding the photograph. The social method includes a variety of economic, social and contextual relationships. The compositional method includes the photograph's content. The technological method includes the types of technologies used to photograph (19).

The Photovoice methodology served two purposes: to allow participants control over the photographs and the knowledge they provided, and to allow a process of collecting data over the long term. Over six months, photographs and documented conversations were gathered. The photographs and accompanying narratives were analyzed using interpretive content analysis. My role was to facilitate conversation, stories and reflections about the photographs taken by participants, and afterward to encode the subjects that emerged in discussion.

## Ethics

The ethical approach in the research was concern for the participants, or more accurately in the spirit of a critical approach, **ethics of concern and justice**. The literature includes three very important ethical principals in research involving children and teenagers: to maximize immediate or future benefits for participants, to minimize their risk deriving from their exposure to the research, and to guarantee justice (16). Neither names of people or places are revealed. For the purposes of the article, pictures were chosen that do not identify people, quotes were chosen that cannot


DOI: 10.19057/jser.2018.33

избрани во кои не можат да се идентификуваат лицата, цитатите беа избрани без да се открие идентитетот на учесниците. Групата беше придружена во подолг временски период и нејзините членови беа поканети да останат во контакт со лидерот и откако се растури групата. Како дел од интернационалниот фестивал за фотографија во 2016 година, на изложбата на фотографии една учесничка беше фотографирана за да се искаже нејзиниот протест преку нејзината облека, за да се чуе нејзиниот глас. Младата жена на која се однесува оваа слика присуствуваше на изложбата со нејзината мајка и тие имаа дискусија за слободата на изразување околу тие фотографии со посетителите на изложбата.

**Откритија**

Поради ограничувањата на бројот на учесници на овој труд јас ќе прикажам мал број примери од фотографиите, дискусијата за нив и резимирање на процесите кои беа спроведени.

Методологијата се концентрира на учесниците како експертски познавачи и во целосна контрола на нивното познавање дека тие ќе сакаат да споделат со околината преку употреба на истражувањето или изложувањето на фотографиите на изложби.

identify participants. The group was accompanied over a long time and its members were invited to remain in touch with the leader even after the group activity concluded. As part of the 2016 International Photography festival, an exhibition of photographs in which one of the participants was photographed to express her protest through clothes, to have her voice heard. The young woman concerned attended the exhibition with her mother and they held a discussion about freedom of expression around these photographs with visitors to the exhibition.

**Findings**

Owing to the size limits of the article I will show a small number of examples of photographs, the discourse about them and summarize the group processes that took place.

This methodology concentrates on the participants as knowledge experts and in full control of the knowledge that they seek to share with the environment using the research or exhibiting the photographs in an exhibition.



*Фотографија 1*
*Photograph 1*

На фотографијата 1 е претставено каде се среќаваа тинејџерите, прибежиште во јавен парк во централниот дел на Израел, кое се користи како прибежиште за тинејџерите, каде тие се опколени со топлина и љубов

Photograph 1 represents where the teens met, a shelter in a public park in central Israel, used as a place of shelter for teens, where they are surrounded by the warmth


DOI: 10.19057/jser.2018.33

